09-123/6
30-07-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница одржана на 29.07.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со бр. 09-123/1 од 09.01.2026 година поднесена од познат подносител против службени лица вработени во -----------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не укажуваат на постапување на службени лица спротивно на одредбите за судир на интереси, поради што не се исполнети законските услови за постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето, а препис од одлуката да се достави до подносителот.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 09-123/1 од 09.01.2026 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, со наводи за постоење на судир на интереси и злоупотреба на службена должност, при користење на боледување од страна на службеното лице ------, вработен во ------ и постоење на индиции дека раководителите -----------, вработени во ---------- му обезбедуваат институционална заштита и повластен третман при користење на боледување.

По разгледување на пријавата, Државната комисија констатира дека наводите од пријавата претставуваат индирекни индиции и не се доволни за утврдување за

постоење на судир на интереси. Во пријавата не се посочени конкретни дејствија со кои е искористена службената должност за стекнување приватна корист, ниту пак произлегува дека службените лица се блиски лица во контекс на член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Во однос на боледувањето не е поткрепено со докази за злоупотреба и не претставуваат основ за постапување во надлежност на Државната комисија.

Имајќи го предвид горе наведеното, ДКСК оцени дека не се исполнети условите за поведување постапка согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси имајќи предвид дека наводите од пријавата не упатуваат на постоење спротивно на одредбите за спречување судир на интереси од законот, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш – член на ДКСК